СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Арх.бр. УП1-15 646/2020
Дата........21.-05-.2020.....

Врз основа на член 88 од Законот за општата управна постапка (“Службен весник на Република Македонија” бр. 124/15), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија (“Службен весник на Република Македонија” бр.39/04) и член 25, став 8 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (“Службен весник на Република Македонија” бр. 199/44, 44/15, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

# РЕШЕНИЕ
## за Услови за планирање на просторот

1. Со ова Решение на Јавното претпријатие за државни патишта на Република Северна Македонија, со седиште на улица "Даме Груев" бр.15 во Скопје, се издаваат Услови за планирање на просторот за изработка на **Државна урбанистичко-планска документација за изградба на контролен центар за надзор на тунел на автопат Кичево – Охрид, на магистралниот пат М4 (Е65), на дел од КП бр.2910 во КО Врбјани, Општина Дебарца.**

Површината на планскиот опфат изнесува околу 3,32 ha и зафаќа шумско земјиште (V класа).

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со **тех.бр. Y03220** се составен дел на Решението.

3. Условите за планирање на просторот за изработка на Државна урбанистичко-планска документација за изградба на контролен центар за надзор на тунел на автопат Кичево – Охрид, на магистралниот пат М4 (Е65) во КО Врбјани, Општина Дебарца, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и заклучни согледувања со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.

4. Предметната локација се наоѓа во границите на Просторниот план на Охридско-преспанскиот регион.

5. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработка на Државна урбанистичко-планска документација за изградба на


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. “Presveta Bogorodica” nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

контролен центар за надзор на тунел на автопат Кичево – Охрид, на магистралниот пат М4 (Е65) во КО Врбјани, Општина Дебарца, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во Законот за животна средина ("Сл.весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) како и подзаконските акти донесени врз нивна основа.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Јавното претпријатие за државни патишта на Република Северна Македонија, со седиште на улица "Даме Груев" бр.15 во Скопје, преку Градежен Институт Македонија, со седиште на улица "Дрезденска" бр. 52, во Скопје, врз основа на член 25 став 4 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Сл. весник на РМ" бр. бр. 199/44, 44/15, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), со постапка бр. 27020, преку електронскиот систем е-урбанизам, достави барање до Агенцијата за планирање на просторот, за издавање на Услови за планирање на просторот за изработка на **Државна урбанистичко-планска документација за изградба на контролен центар за надзор на тунел на автопат Кичево – Охрид, на магистралниот пат М4 (Е65), на дел од КП бр.2910 во КО Врбјани, Општина Дебарца.** Површината на планскиот опфат изнесува околу 3,32 ha.

Согласно член 25 став 7 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Сл. весник на РМ" бр. бр. 199/44, 44/15, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Условите за планирање на просторот за изработка на Државна урбанистичко-планска документација за изградба на контролен центар за надзор на тунел на автопат Кичево – Охрид, на магистралниот пат М4 (Е65) во КО Врбјани, Општина Дебарца, и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. УП1-15 646/2020 од 08.05.2020 година.

Условите за планирање на просторот се издаваат за изработка на Државна урбанистичко-планска документација за изградба на контролен центар за надзор на тунел на автопат Кичево – Охрид во КО Врбјани, Општина Дебарца, и претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.

Заклучните согледувања, дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од "Просторниот план на Република Македонија", претставуваат обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 88 од Законот за општата управна постапка (“Сл. весник на РМ” бр. 124/15), Министерството за животна средина и просторно планирање го донесе ова Решение на Услови за планирање на просторот за изработка на **Државна урбанистичко-планска документација за изградба на контролен центар за надзор на тунел на автопат Кичево – Охрид, на магистралниот пат М4 (Е65), на дел од КП бр.2910 во КО Врбјани, Општина Дебарца,** и одлучи како во диспозитивот.

Упаство за правно средство: Против ова Решение засегнатата јавност и органот кој го подготвува планскиот документ може да изјави жалба во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на ова Решение до Државната Комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Република Северна Македонија МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ Скопје MINISTRIA E MJEDISIT JETËSOR DHE PLANIFIKIMIT HAPËSINOR Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut

МИНИСТЕР
Naser Nuredini

Изготвил: Соња Фурнаџиска

Одобрил: Неби Реџепи


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. “Presveta Bogorodica” nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk